ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 433

**Ѓоко ЃОРЃЕВСКИ, Виктор НЕДЕСКИ**

# ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ПРОЦЕСИ И УЛОГАТА НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА НИЗ ВЕКОВИТЕ

*“Историјата на Охридската црква е историја на осумвековна духовна независност, би рекол, на духовна сувереност на Македонија... Автономниот дух на Македонија не е нов, но е рожба на нејзиниот историски живот. Тој бил развиван од автокефалната Охридска црква“*
*Снегаров 1995: VI*

*Целта на овој труд е да ја презентира историја на Охридската архиепископија, нејзиното укинување и возобновување во лицето на Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ – ОА), со посебен осврт врз општествените и политичките процеси, посебно во контекст на соседните православни цркви. Почетоците на црковната, а со тоа и на културната преродба, се случуваат на охридските простори, па затоа Охрид е избран за седиште на повеќевековната автокефална Охридска архиепископија. Таа врз себе ја презема улогата на духовен авторитет во општествената, образовната и културната сфера. Нејзиното укинување ќе отвори простор за злоупотреба на новите црковни јурисдикции во креирање и промовирање туѓински политики на соседните православни цркви. Токму затоа од огромна важност е нејзиното возобновување како Македонска православна црква.*

На територијата на денешната македонска држава, христијанството е присутно уште од првите векови. Евангелската порака за спасението преку св. ап. Павле пристигнува во Европа уште во првите апостолски времиња. Тој е повикан да дојде во Македонија и да му помогне на тамошниот народ (Дела на апостолите 16, 9). Тоа видение објавува една нова реалност и дава

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 434



нова насока на христијанството. Павловото зачекорување на Балканот го означува почетокот на христијанството во Европа. Како резултат на забележителна црковна активност се појавуваат значајни христијански центри и епископски седишта како Стоби, Хераклеја, Баргала и Скупи. Во периодот пред доаѓањето на Словените на Балканот, на територијата на Македонија ќе дејствуваат две значајни црковни организации – Солунскиот викаријат и Архиепископијата на Јустинијана Прима. Неколку векови подоцна, со населувањето на Словените, овие територии добиваат нова физиономија, а народите од Југоисточна Европа долго време ќе споделуваат иста или слична судбина.

Во IX век во Охрид, на територијата на древната Лихнидска епископија (Delikari 2005), ќе продолжи просветителската кирилометодиевска мисија, преку дејноста на Светите Климент и Наум, нивните најзначајни и најревносни ученици (Grozdanov 1999; Grozdanov 2000; Статева 2007; Илиев 2007; Delikari 2013; Delikari 2014b: 257–290). Свети Наум како монах се повлекува на брегот од Охридското Езеро, каде што основа манастир и формира монашко братство, па затоа и се смета за основач на монаштвото во Македонија. Свети Климент, пак, ја основа првата организирана словенска школа во Охрид, низ која минуваат илјадници ученици, а подоцна станува епископ дремвицки и велички и со тоа е поставен за надлежен архијереј на епархија врз која подоцна ќе биде основана Охридската архиепископија како автокефална црква. Светите Климент и Наум неуморно поучувале и пишувале, па од нив се зачувани и повеќе текстови, врз кои сѐ уште се вршат бројни истражувања. Врз таквата дејност се развива подоцна и препишувачка школа, каде што биле умножувани црковните и богослужбените текстови на словенски јазик (Белчовски 2006: 48).

Периодот непосредно по Свети Климент (+916) и Свети Наум (+910) е прилично нерасветлен. Охридската книжевна школа ја продолжила својата дејност раководена од нивните ученици, но поголемиот дел од нив остануваат анонимни. Не е познато и кој епископ го наследил Свети Климент во неговата епархија, но се знае дека локалното свештенство ревносно го продолжило неговото дело, а манастирите основани од овие охридски светители станале центри на црковната писменост и книжевност.

Врз основа на дејноста на овие ученици на Кирил и Методиј е поставен и темелот на Самуиловата црква (Delikari 2015: 236–243), како и на Охридската архиепископија – вистинскиот духовен центар и замена за неостварената државност по Самуиловото Царство (Антољак 1969; Василевски 1971; Pirivatrić 1997; Tachiaos 2006; Pavlov 2014; Delikari 2014a; Delikari 2015). Нејзината

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 435



дејност континуирано опстојува сè до 1767 година, кога е аболирана од османлиската власт (Белчовски 1990: 78–79). Архиепископијата, меѓу другото, ќе претставува вистинска црковна сила меѓу византискиот Исток и латинскиот Запад (Nedeski 2020), со истакнати архипастири кои го издигнале нејзиното достоинство во светски рамки, а нејзината јурисдикција ќе се простира врз различни територии во различни временски периоди: од Дунав и Далмација до Црното Море и Сицилија, но нејзиното седиште секогаш било во Охрид, на територијата на денешна Македонија.

Првиот познат поглавар на Самуиловата црква, Герман I, бил особено почитуван од страна на царот Самуил. Познато е дека на почетокот седиштето на оваа црква се наоѓало на островот Ахил во Преспанското Езеро, а подоцна е префрлено во Охрид. Со падот на Самуиловата држава, користејќи го системот на Самуиловата црква, императорот Василиј II ја создава Охридската архиепископија, регулирајќи го нејзиниот автокефален статус и јурисдикција со три грамоти издадени помеѓу 1019 и 1025 (Gelzer 1893: 42–46; Иванов 1970: 550–562). Текстот на овие грамоти е зачуван во златната була на императорот Михаил VIII Палеолог (1272/1273 г.) (Beneševič 1965: 542–554; Delikari 2014b: 97–99. See also Podskalsky 2000: 72; Müller 2005; Prinzing 2011: 393). Карактеристично за оваа була е тоа што императорот Михаил VIII ја поврзува Охридската архиепископија со древната црква на Јустинијана Прима и ја смета за нејзина наследничка (Granić 1926; Zlatarski 1929–1930; Prinzing 1978; Markus 1979: 289–292). Оваа теорија, која почнува да се развива уште во XI век, ќе ја издигне Охридската архиепископија на висок пиедестал во периодот на средновековието (Grabar 1948; Mano-Zisi 1954–1955; Mano-Zisi·1978: 687–717; Barišić 1963: 127–142; Bavant 1984: 272–285; Duval, Popović 1984; Döpmann 1987; Bavant, Kondić, Spieser 1990).

Прв поглавар на Охридската архиепископија, создадена по падот на Самуиловото царство е Јован Дебарски (1018–1037). Во науката постојат поделени мислења за тоа дали е Јован затекнат од Василиј II како последен поглавар на Самуиловата црква или е новоизбрана личност, со висока духовна репутација меѓу локалното население (Prokić 1911: 267–303; Prokić 1912: 232–233; Белчовски 1990: 36; Delikari 2014b: 107–110). Она што е сигурно е дека Јован бил човек од словенско потекло, силен духовен пастир, со голема грижа за својата паства. Забележан е во споменот на црквата како монах и подвижник и е вброен меѓу најдостојните охридски архиепископи, со забележливи добродетелни и умствени квалитети, кој посебно се грижел за одржување на народниот карактер на Архиепископијата.

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 436



По Јован Дебарски настапува византиската епоха на Охридската архиепископија, која трае сè до Душановото освојување на Охрид. За овој период е карактеристично тоа што на тронот на Охридската архиепископија седат особено значајни архиепископи, кои се мудро избирани од редовите на најистакнатите и најобразовиани византиски клирици. Иако најголемиот дел од овие архијереи не припаѓале на домородниот клир, по нивното доаѓање во Охрид тие ќе се соживеат со својата катедра и ревносно ќе се борат за заштита на својата паства (Снегаров 1995а: 80–81, 204, 219–224, 248–251; Nerantze, Varmaze 1995: 232–235; Delikari 2014b: 69–73). Голем дел од нив ќе вложат особен труд во борбата со Западната црква, имајќи предвид дека многу западни епархии на Охридската архиепископија граничеле со епархии што биле под јурисдикција на Рим и ја прифаќале западната догма (Ѓорѓевски 2019).

Првиот во низата архиепископи Византијци е Лав (Леон) I (1037–1056), еден од најзначајните архипастири на Охридската архиепископија. (Büttner 2007; Недески 20015/2016) Живеејќи во еден исклучителен временски период, Лав непосредно ќе влијае врз настаните што ја насочуваат понатамошната историја на христијанството во светот. Во време кога односите меѓу Рим и Цариград се нарушени и се прави обид за нивно подобрување, Лав се спротивставил на обидите за обединување со Рим пред да бидат разрешени одредени важни богословски и литургиско-обредни прашања. На латинските обредни различности Лав гледал како на догматски пречки. Посланието на Лав до транискиот епископ Јован за бесквасниците и саботите резултирало со меѓуцрковна преписка и дијалог (Чельцовъ 1899: 58), кој кулминирал на 16 јули 1054 година, кога во цариградската црква Света Софија била произнесена анатемата кон Михаил Керулариј и Лав Охридски, а неколку дена подоцна, на 20 јули, цариградскиот патријарх ги одлачил папските легати и на тој начин настанала конечната поделба меѓу Источната и Западната црква (Снегаров 1995: 261).

Освен значајната црковна улога во тие одлучувачки времиња, кои ја насочиле понатамошната историја на христијанството, архиепископот Лав е значаен и поради својот посебен придонес во црковното градителство, градејќи еден од клучните споменици на византиската уметност. Имено, непосредно по неговото доаѓање во Охрид во 1037 година, Лав ја организирал изградбата на новиот соборен храм „Света Софија“, посветен на Премудроста Божја, со цел на Охридската црква да ѝ даде достоинство како на Цариградската (Снегаров 1995: 197–198). На ѕидовите од овој велелепен храм се насликани не само почитуваните источни отци на Црквата, како и словенските просветители

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 437



Кирил и Климнт, туку и шестмина римски папи: Климент I (88–99), Силвестер I (314–335), Инокентиј I (401–417), Лав I Велики (440–461), Вигилиј (537–555) и Григориј I Велики Двоеслав (590–604). Ваквата иконографска програма може да се разбере како слика на христијанската екумена, чиј составен дел во тоа време била и Римската црква. Од друга страна, пак, активното вклучување на Лав во борбата против латинските заблуди ја изразува неговата желба да направи категорична разлика меѓу литургиските практики на папството, од една страна, и старите црковни традиции, од друга страна. Особено е впечатлива евхаристиската сцена во апсидата на Света Софија, на која Христос, опкружен од апостолите и ангелите, го благословува квасниот леб (Grabar 1974: 24–34).

Еден од најзначајните охридски архиепископи е и Теофилакт (1091-?) (Xanalatos 1938; Katičić 1960–1961; Gautier 1980: 11–37; Obolensky 1986; Obolensky 1988: 34–82; Delikari 1997: 40–44), исклучителен интелектуалец, теолог и писател. Ниту еден од охридските архиепископи не пројавил таква литературна дејност како Теофилакт. Од него се зачувани толкувањата на целиот Нов завет (освен Откровението) и на некои старозаветни книги, две житија (на Петнаесетте тивериополски маченици и на Свети Климент Охридски), служба на Свети Климент Охридски и др. (Снегаров 1995: 264). При пишувањето на толкувањата, кои се читливи и јасни и без повторувања, Теофилакт ги користел омилиите на Свети Јован Златоуст.

Во следниот период меѓу охридските архиепископи посебно се издвојува Димитриј Хоматијан (1216–1235), (Prinzing 2009, 28–31). Тој се одликувал со ученост, благост, говорништво, расудителност и добродетелен живот. Како еден од најелоквентните архипастири на своето време и најдобри познавачи на канонското и световното право, тој ќе го организира највисокиот судски орган, тогашната Епирска држава, кој во седиштето на архиепископијата ќе функционира како апелациски орган, а кон него барајќи правда ќе прибегнуваат великодостојници, монаси, благородници, но и обични граѓани. Почитта на Хоматијан кон Свети Климент е изразена во едно кратко житие и три канони.

Од голема важност во редот на охридските архиепископи е и Св. Константин Кавасила (1250–1261) (Снегаров 1995: 211; Недески 2017), кој пред доаѓањето на охридскиот трон веројатно бил епископ во Гревена, па во Струмица, а потоа и митрополит во Драч. Неговото прославување започнало непосредно по неговото упокојување. Сведоштво за тоа е и фреската насликана скоро по неговото упокојување во црквата Пресвета Богородица – Перивлепта во Охрид, и тоа веднаш до Свети Климент. Неговите фрески се наоѓаат и во

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 438



олтарите на Свети Јован Богослов во Канео и во храмот „Мали свети врачи" во Охрид, а потоа и во Старо Нагоричане, а култот се проширил дури и до Света Гора.

Во следниот период доаѓаат уште повеќе значајни архиепископи, како што е Генадиј – силен поборник за православието и двократен кандидат за Цариградскиот патријаршиски престол, како и Макариј, во чие време се гради монументалниот храм Богородица Перивлепта. Со Душановото освојување на Охрид, Охридската архиепископија не го губи својот автокефален статус (Soulis 1984: 84–85; Pospischil 1966: 33; Ljubinković 1964: 222; Delikari 2014b: 220–221). Најзаслужен за одржувањето на добрите односи со српскиот владетел е охридскиот архиепископ Николај (Kyriakoudes 2004; Delikari 2014b: 222–236). Сепак, треба да се нагласи и тоа дека за време на српското владеење со Охрид архиепископијата ќе изгуби голем дел од својата јурисдикција (Delikari 2014b: 214–236).

По Маричката битка во 1371 г., во која се убиени кралот Волкашин и неговиот брат, деспотот Јован Углеша, Османлиите мошне брзо ќе навлезат на балканските територии. Така, во 1408 г. Охрид веќе е под османлиска власт (Снегаров 1995 2b: 1; Vacalopoulos 1973: 48–49; Грозданов 1980: 22; Панов 1984: 48; Prinzing 1990: 117; Walter 1996: 291). Искористувајќи го тоа што продолжила да егзистира и по падот под османлиската власт, Охридската архиепископија во времето на архиепископот Матеј (околу 1408 г.) ќе се обиде да ги потчини Софиската и Видинската епархија за сметка на укинатата Трновска патријаршија. Во оваа пригода Охридската архиепископија ќе дојде во конфликт со Цариградксата патријаршија, со која дотогаш одржувала пријателски односи (Баласчев 1909: 6; Снегаров 1995b: 7–8, 156–158; Tegou-Stergiadou 1998: 18–19; Tegou-Stergiadou 2003: 62–63; Delikari 2014b: 146, 246–247). Конфликтот ќе се продлабочи кога Цариградската патријаршија ќе ја склучи Флорентинската унија со Римокатоличката црква во 1453 г. Охридската архиепископија во овој период ќе се јави како жесток поборник против унијата. Најверојатно водени од антиунијатски побуди, во овој период под јурисдикција на Охридската архиепископија ќе се потчинат и кнежествата Влашка и Молдавија, кои ќе ја отфрлат јурисдикцијата на Цариград (Снегаров 1995b: 11–15; Péchayre 1971: 187–188; Delikari 2014b: 247–248. Cf. Gelzer 1902: 21–22).

Меѓу архиепископите од османлискиот период особено се истакнува архиепископот Прохор (1528–1550). Во негово време диецезата на архиепископијата е многу проширена, а показател за тоа е и фактот што тој се титулира како „Прохор, по милоста Божја архиепископ на Јустинијана Прима, Србија, Бугарија

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 439



и на другите“. (Gelzer 1903: 104; Stojanović 1982: 176, Nr. 547; 177, Nr. 552). Овој способен архиепископ се јавува како голем ктитор, не само на храмови и манастири во диецезата на Охридската архиепископија туку и надвор од неа, па дури и на Света Гора, каде што ја гради трпезаријата на манастирот Дохијар, во кој се зачувани и други предмети подарени од Прохор. Меѓу архиепископите од овој период значаен е и Варлаам Охридски, кој маченички ќе го заврши својот живот во 1598 г., кога е обезглавен од османлиите во градот Велес, а неговото тело е фрлено во реката Вардар (Nedeski 2018).

Во периодот што следува Охридската архиепископија ќе западне во тешка финансиска состојба, како поради негрижата на архијереите туѓинци така и поради суровата даночна политика што ќе ја наметне османлиската власт. Поради тоа, многумина од нејзините поглавари и архијереи ќе одат во западните европски земји и во Русија и ќе просат финансиска помош за доверената архиепископија. Доведена до финансиски безизлез и притисната од политиката на Фанар за обединување на сите православни во османлиската држава во јурисдикција на Цариград, по својата долга и славна историја, Охридската архиепископија ќе биде укината во 1767 г., а нејзините епархии ќе бидат вклучени во диецезата на Константинополската патријаршија. Како последен охридски архиепископ се јавува Арсениј II, за кого непосредно дознаваме од двете негови оставки – првата од архиепископскиот трон и втората од тронот на Пелагониската митрополија (Ταχιάος 1972, 28–32). По укинувањето на Охридската архиепископија, Пелагониската митрополија го зазела петнаесеттото место во митрополиите на Вселенската патријаршија, а нејзиниот митрополит ја носел титулата: „митрополит пелагониски и најчесен егзарх на Горна Македонија“ (Ράλλη-Ποτλή 1855, 515).

Впечатлив факт е тоа што првата реакција на укинувањето на Охридската архиепископија доаѓа во 1852 г. од грчкиот просветител и клирик Теоклит Фармакидис од Лариса, во неговиот *Синодален томос за виситната* (Φαρμακίδου 1852, 213), во контекст на одбрана на независноста на новосоздадената Грчка црква. Причината за укинувањето тој ја припишува на славољубието и властољубието на патријархот Самуил. Првата, пак, сериозна иницијатива за обнова на Охридската архиепископија доаѓа од охридскиот филолог Маргарит Г. Димица (од фамилијата Димзовци), кој во 1859 г. објавил книга во која се занимава со оваа тема (Δήμιτσα 1859). Цел на публикацијата на Димица е да создаде движење за обнова на Охридската архиепископија.

Во текот на XIX и почетокот на XX век речиси сите балкански народи успеваат да се ослободат, да се осамостојат и да формираат сопствени

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 440



држави. Тоа ќе им овозможи самостојно и црковно да се организираат и да основаат сопствени независни цркви со истакната национална ознака. Очигледно дека овие промени имаат свое влијание врз еднодушноста и кохезијата на православието, како и врз ликот на универзалниот карактер на црквата и нејзината екуменска мисија (Pedro 1988).

Во тој период на Балканот се создаваат националните православни цркви на Бугарија, Грција и на Србија, а Османлиската Империја под меѓународен притисок им дозволува на овие црковни јурисдикции да дејствуваат во различни делови од Македонија (Трајановски 2001). Ова секако не би било можно доколку не беше укината Охридската архиепископија. Токму ваквата состојба остави простор за повеќедецениска борба за црковна превласт, со истакнат национален белег над оваа територија, во согласност со државните политики на заинтересираните земји. За време на Балканските војни (1912–1913) и за време на Првата светска војна (1914–1918), тогашната територија на Македонија потпаѓа под бугарска власт, а по завршувањето на војната, кога таа станува дел од Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, обновената Српска православна црква во 1920 година ја презема јурисдикцијата врз македонските епархии. Ваква е состојбата сè до 1941 година, кога со почетокот на Втората светска војна српската епархија ја напушта паствата во Македонија, а бугарската власт ѝ ја доделува јурисдикцијата на Бугарската црква врз поголемиот дел од земјата, додека еден мал дел од Западна Македонија потпаѓа под јурисдикција на Албанската црква.

Ваквите присилни промени на туѓински црковни јурисдикции предизвикале силен револт кај народот и домородното свештенство, кои решаваат никогаш повеќе да не дозволат воспоставување туѓа и ненародна црковна администрација (Илиевски 1972: 95–117). Во 1943 год., на Свештеничкото заседание одржано на првите ослободени територии во Дебарца (во близина на Охрид), како и на Првиот црковно-народен собор одржан во Скопје во 1945 год., се побарува обновување на Охридската архиепископија како самостојна црква (Илиевски 2011: 9–28). На Вториот црковно-народен собор во Охрид 1958 год., на кој учествуваат свештеници, монаси и верници, обновена е Охридската архиепископија како Македонска православна црква, а Доситеј, викарниот епископ на српскиот патријарх, е избран за прв поглавар. Името „Македонска православна црква“ е земено според примерот на другите соседни цркви (Илиевски 2011: 107–118).

Непосредно по одлуката за обновување на Охридската архиепископија, Соборот на Српската православна црква во јули 1959 година заклучува: епархиите во Народна Република Македонија се издвојуваат во самостојна

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 441



Црква, која ќе се раководи со сопствен Устав и со оваа одлука престануваат да важат прописите од Уставот на Српската православна црква за епархиите и архијереите на Народна Република Македонија (Илиевски 1972: 150). Во јули истата година српскиот патријарх Герман доаѓа во Скопје и заедно со архиепископот Доситеј ќе ракоположат втор владика за Македонија – Климент, кој ќе биде поставен за митрополит преспанско-битолски. Во мај 1962 год. Македонија ќе ја посети рускиот патријарх Алексеј, придружуван од патријархот Герман и други претставници на Српската православна црква.

Во периодот кој следи недостасува меѓусебно разбирање. Српската православна црква инсистира исклучиво на автономен статус на Македонската православна црква, додека од Македонија се бара целосна самостојност – автокефалност. Така, во 1967 год., на Третиот црковно-народен собор одржан во Охрид, учесниците на Соборот изгласуваат обновување на самостојноста на Охридската архиепископија како автокефална Македонска православна црква (Илиевски 1972: 159–178; Димевски 1989; Илиевски 2011: 171–194). Со таквата одлука македонскиот народ во земјата и во странство започнува самостојно организирање на црковниот живот, основа сопствени просветни институции и го обновува монашкиот живот. Но, негирањето на новата реалност од страна на Српската православна црква успева да ја изолира Македонската православна црква во официјалните односи со другите православни цркви.

Од тие причини, и покрај бројните и постојаните обиди за нејзино признавање, нејзиниот автокефален статус сè уште не е прифатен (Марку 1994; Периќ 1998; Пузовић 1997; Слијепчевић 1982; Шкаровский 2009). А, помесната Македонска православна црква само го следи патот до самостојност на другите балкански цркви и не се разликува од нив дури ни во примарното недобивање согласност за тоа од страна на „мајката црква“ (практично, речиси сите национални цркви постоеле како автокефални пред да бидат признаени како такви). Во текот на изминатите 50 години, Македонската православна црква прави постојани обиди за надминување на состојбата преку билатерален дијалог со Српската православна црква. Состојбата беше посебно отежната откако во 2002 г. СПЦ создаде паралелна јерархија на територијата на Р Македонија, која се обиде да ја претстави како наследничка на Охридската архиепископија, што сериозно го продлабочи проблемот. Во ноември 2009 година, на редовното заседание на Црковно-народниот собор, направени се измени во црковниот Устав со кои кон постојното име се додава титулата на Охридската архиепископија, со што црквата официјално добива назив „Македонска православна црква – Охридска архиепископија“.

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 442



Во 2017 г. во решавањето на македонското црковно прашање се вклучи и Бугарската православна црква, со што проблемот го изгуби билатералниот карактер и прерасна во поширок црковен проблем. Во вакви те околности МПЦ – ОА го искористи правото на апелација кон Константинополската патријаршија, која ја прифати својата историска апелациска улога и ја презеде одговорноста за решавање на македонското црковно прашање и регулирање на статусот на помесната православна црква во Р Македонија, како легитимна наследничка на Охридската архиепископија, како што стои во извештајот на Константинополската патријаршија од 13 јануари 2020 г. МПЦ – ОА сѐ уште е во исчекување на решавање на нејзиниот канонски статус во семејството на помесните православни цркви, чие единство во денешницата доживува сериозна криза.

Поврзаноста со Охридската архиепископија често е истакнувана во контекст на нејзиното обновување како Македонска православна црква. Од друга страна, во насока на јасна црковна територијална претензија, соседните цркви се прогласуваат за наследнички на Охридската архиепископија, игнорирајќи ја црковната реалност на Македонската православна црква, како израз на волјата на православниот народ на оваа територија. Славната автокефална црква од Охрид е од огромно значење и е дел од историјата на многу соседни и подалечни народи, но во никој случај не смее да не биде црква на народот што тогаш живеел и денес живее во Охрид. Од друга страна, пак, болното искуство од политичка злоупотреба на црквата во минатото објаснува зошто речиси целиот македонски народ одлучно се противи на обидите за принудно наметнување на надворешна црковна јурисдикција, која е разбрана како враќање на состојбите од минатото.

Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија, како самостојна и независна црква, е полувековна реалност на православието. При сегашното балканско црковно организирање, опкружена од четири автокефални православни цркви, автокефалноста за Македонската православна црква не е опција, туку неопходност. Наместо обиди за создавање внатрешни поделби како провизорни решенија, се очекува да се поддржи единството на таа помесна црква, со цел да се дојде до евангелско, праведно и достоинствено решение, затоа што, кога нема апсолутно никаква оправдана причина, пред Бога и пред догмите и каноните на Светата Црква, зошто таа треба и понатаму да постои како дел од некоја друга црква, тогаш таа црква не само што може да биде автокефална црква во православното семејство туку таа и мора да биде токму таква црква, признаена и благословена од сите други.

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 443



## БИБЛИОГРАФИЈА


Антољак, С.1969. *Самоиловата држава*. Скопје: ИНИ.

Баласчев, Г. 1908. Кореспонденция между Цариградския патриарх и Охридския архиепископ от началото на XV век. *Минало*, I, 1, 3-15, 123-127.

Barišić, F. 1963. Dosadašnji pokušaji ubikacije grada Justiniana Prima. *Zbornik filozofskog fakulteta*, VII, 127-142.

Bavant, B. 1984. La ville dans le Nord de l'Illyricum (Pannonie, Mésie I, Dacie et Dardanie), In: *Villes et Peuplement dans l'Illyricum protobyzantin. Actes du*

*colloque organisé par l'École française de Rome (Rome, 12-14 mai 1982)*, Rome: École Française de Rome, 272-285.

Bavant B. Kondić Vl. Spieser J.-M. eds. 1990. *Caričin Grad I. Le quartier sud-oest de la ville haute*. Belgrade – Rome: École Française de Rome.

Белчовски, Ј. 2006. *Црковна историја на македонскиот народ (книга прва) - Охридската Архиепископија од основањето до забраната на нејзината дејност - 1767 година*. Скопје: САС на МПЦ.

Белчовски, Ј. 1990. *Историските околности за автокефалноста на Македонската православна црква*. Скопје: САС на МПЦ.

Бенешевич, В.Н. 1965. *Описание греческих рукописей монастыря святой Екатерины на Синае*. Санкт-Петербург: Изд. Имп. Акад. наук, исполн. на завещ. ей еп. Порфирием средства.

E. Büttner, E. 2007. *Erzbischof Leon von Ohrid (1037-1056). Leben und Werk (mit Texten seiner bisher unedierten asketischen Shrift und seiner drei Briefe an den Papst)*. Bamberg: Elmar B?ttner.

Delikari, A. 1997. *Der Hl. Klemens und die Frage des Bistums von Velitza. Identifizierung, Bischofsliste (bis 1767) und Titularbischöfe*. Thessaloniki: SS Cyril and Methodius Center for Cultural Studies.

Delikari, A. 2005. Η επισκοπή Λυχνιδού (-ών) μέχρι τον 10ο αιώνα. I. Από την ίδρυσή της έως τις αρχές του 6ου αιώνα, *Κληρονομία*, XXXV,1-2, 69-85.

Delikari, A. 2013. Kliment Velički oder Kliment Ochridski? Die Diskussion über seinen Bischofstitel und seine Jurisdiktion. *Palaeobulgarica*, 37, 3, 3–10.

Delikari, A. 2014a. Η διαχρονική σημασία της ευρύτερης περιοχής της Φλώρινας στην πολιτική και εκκλησιαστική ιστορία των όμορων σλαβικών λαών. In: Σ. Ηλιάδου-Τάχου, Β. Βλασίδης, Κ. Φωτιάδης, eds. *Η Δυτική Μακεδονία: Από την ενσωμάτωση στο ελληνικό κράτος έως σήμερα*. Θεσσαλονίκη, 696-709.

Delikari, A. 2014b. *Η Αρχιεπισκοπή Αχριδών κατά τον Μεσαίωνα. Ο ρόλος της ως ενωτικού αράγοντα στην πολιτική και εκκλησιαστική ιστορία των Σλάβων των Βαλκανίων και του Βυζαντίου*. Θεσσαλονίκη: University Studio Press.

Delikari, A. 2015. Die Situation in Nord-West Makedonien während der Regierung des Basileios II. die sogennante Kirche des Zaren Samuel und die Gründung des Erzbistums von Ochrid. In V. Gjuzelev, G. Nikolov, eds. *South- Eastern Europe in the Second Half of 10th – the Beginning of the 11th centuries: History and Culture, 6-8 October 2014*, Sofija, 236-243.

Δήμιτσας, Μ. 1859. *Τα περί της αυτοκεφάλου Αρχιεπισκοπής της πρώτης Ιουστινιανής Αχρίδος και Βουλγαρίας*. Εν Αθήναις: Τύποις και Βιβλιοπωλείω Π. Α. Σακελλαρίου.

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 444



Димевски, С. 1989. *Историја на Македонската православна црква*. Скопје: Македонска книга.

Döpmann, H.-D. 1987. Zur Problematik von Justiniana Prima. In: V. T. Gjuzelev, ed. *Das Christentum in Bulgarien und auf der übrigen Balkanhalbinsel in der Spätantike und im frühen Mittelalter. II. Internationales Symposium. Haskovo (Bulgarien) 10.-13 Juni*. Wien: Renate Pillinger, 221-232.

Duval N. Popović, V. eds. 1984. *Caričin Grad I. Les basiliques B et J de Caričin Grad quatre objets remarquables de Caričin Grad. Le trésor de Hajdučka Vodenica*,

Belgrade – Rome: École Française de Rome.

Gautier, P. 1980. *Théophylacte d'Achrida Discours, Traités, Poésies. Introduction, Texte, Traduction et notes*. Thessalonique: Association de recherches byzantines.

Gelzer, H. 1893. Ungedruckte und wenig bekannte Bistümerverzeichnisse der orientalischen Kirche. II. *Byzantinische Zeitschrift*, II, 22-72.

Gelzer, H. 1902. *Der Patriarchat von Achrida. Geschichte und Urkunden*.

Leipzig: B.G. Teubner.

Gelzer, H. 1903. Der wiederaufgefundene Kodex des hl. Klemens und andere auf den

Patriarchat Achrida bezügliche Urkundensammlungen. *Berichte über die Verhandlungen der Königlich Sächsischen Gesellschaft der Wissenschaften*, LV, 41-110.

Grabar, A. 1965. Les peintures murals dans le choeur de Sainte-Sophie d'Ohrid, *Cahiers archéologiques* 15, 253-258

Grabar, A. 1948, Les monuments de Tsaritchin Grad et Justiniana Prima. *Cahiers Archéologiques Fin de l'Antiquité et Moyen âge*, III, 49-63.

Granić, B. 1926. Die Gründung des autokephalen Erzbistums von Justiniana Prima durch Kaiser Justinian I im Jahre 535 n.Chr. *Byzantion*, II, 123-140.

Grozdanov, C. 2000. La composition des sept saints slaves dans la peinture de l'Archevêché d'Ohrid. *Кирило-Методиевски студии - София*, 13, 21–41.

Grozdanov, C. 1999. Saint Constantin-Cyrille et Saint Méthode dans la peinture byzantine des pays balkaniques. In: *Thessaloniki–Magna Moravia. Proceedings of the International Conference. Thessaloniki, 16–19 October 1997*. Thessaloniki: Hellenic Association for Slavic Studies, 319–345.

Грозданов, Ц. 1980. *Охридското ѕидно сликарство од XIV век*. Охрид: Институт за историју уметности (Белград).

Ѓорѓевски, Ѓ. 2019. Теологијата на Охридските архиепископи од 11 до 13 век.. In: *Предавања на 51. летна школа на меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 16.6-1.7.2018 година*, Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", 79-94.

Иванов, Й. 1970. Български старини из Македония. София: Наука и изкуство.

Илиев, И. 2007. Делото на Кирил и Методий и на техните ученици и последователи в България през погледа на охридските архиепископи от XI и XII в. *КМС*, 17, 356–371.

Илиевски, Б. 2011. *Македонско-српските црковни односи 1944-1970*. Скопје: Филозофски факултет-Скопје.

Илиевски, Д. 1972. *Автокефалноста на Македонската православна црква*. Скопје: Заедница за идавачка дејност при НИП „Нова Македонија".

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 445



Katičić, R. 1960-1961. Βιογραφικά περί Θεοφυλάκτου Αχρίδος. *Επετηρίς Εταιρείας Βυζαντινών Σπουδών*, XXX, 364-385.

Kyriakoudes, E. 2004. Ο αρχιεπίσκοπος Αχρίδας Νικόλαος και η κτητορική του δραστηριότητα στα μέσα του 14ου αιώνα. *Crkvene Studije*, I, 309-339.

Ljubinković, R. 1964. *Les influences de la vie politique contemporaine sur la décoration des églises d'Ohrid*. In: G. Ostrogorski ed. *Actes du XIIe Congrès International d'Études Byzantines, Ochride 10-16 Septembre 1961*. vol. 3. Beograd: Naucno delo, 221-225.

Mano-Zisi, Dj. 1954-1955. Iskopavanja na Caričinom gradu 1953 i 1954 godine. *Starinar*, V-VI, 155-180.

Mano-Zisi, Dj. 1978 Justiniana Prima (Caričin Grad), *Reallexikon zur byzantinischen*

*Kunst*, III, 687-717.

Марку, И. К. 1994. *Македонска црква – Самотворевина Скопља. Улога Папе и Уније*. Призрен.

Markus, R. A. 1979. Carthage - Prima Justiniana – Ravenna: An aspect of Justinian's Kirchenpolitik. *Byzantion*, XLIX, 289-292.

Müller, A. E. 2005. Zur Datierung des Chrysobulls Michaels VIII. für Ochrid: nicht August 1272, sondern Juli 1273. In: L. M. Hoffmann, A. Monchizadeh eds. *Zwischen Polis, Provinz und Peripherie. Beiträge zur byzantinischen Geschichte und Kultur*. Wiesbaden: Harrassowitz, 427-432.

Nedeski, V. 2020. *Οι Αρχιεπίσκοποι Αχρίδος απέναντι στη λατινική Δύση (11ος-13ος αι.)*. Θεσσαλονίκη.

Nedeski, V. 2018. Contributions shedding light on the character and work of the Archbishop - Martyr Varlaam of Ohrid. *Monumenta*, 2-3, 147-159.

Недески, В. 2017. Свети Константин Кавасила како Струмички епископ In: В. Ѓорѓиев Ликин, ed. *Музејски летопис*, Струмица: Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Струмица, 135-143.

Недески, В. 2015/2016. Архиепископот Лав Охридски и судирот со Латините во неговата епоха. *Годишен зборник на ПБФ*, 21-22, 171-185.

Nerantze-Varmaze, V. 1995. Πληροφορίες του Θεοφυλάκτου Αχρίδας και του Δημητρίου Χωματιανού για τον δυτικομακεδονικό χώρο. In: Τ. Πεντζοπούλου-Βαλαλά ed. *Διεθνές Συμπόσιο «Βυζαντινή Μακεδονία 324-1430 μ.Χ.», Θεσσαλονίκη 29-31 Οκτωβρίου 1992*. Θεσσαλονίκη: Εταιρεία Μακεδονικών Σπουδών, 231-238.

Obolensky, D. 1986. Theophylaktos of Ohrid and the Authorship of the Vita Clementis. In: *Βυζάντιον. Αφιέρωμα στον Ανδρέα Ν. Στράτο*, vol. 2: *Θεολογία και Φιλολογία*. Αθήναι: Ιδιωτική, 601-618.

Obolensky, D. 1988. *Six Byzantine Portraits*. Oxford: Oxford University Press Academic Monograph Reprints, 34-82.

Панов, Б. 1984. Охрид и Охридската област во XII и XIV век. *Годишен зборник на Филозофски факултет – Скопје*, XI, 37, 19-49.

Pedro, R. 1988. Autocephaly and National Identity in Church-State Relations in Eastern Christianity: An Introduction. In: *Eastern Christianity and Politics in the Twentieth Century*. Durham: Duke University Press.

Periḱ, М. 1998. *Историско-правните аспекти на односите помеѓу Српската православна црква и Македонската православна црква*. Скопје: Мисла.

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 446



Péchayre, A.-P. 1971. L'archevêché d'Ochrida de 1394 à 1767. A propos d'un ouvrage récent, *Échos d'Orient*, XXXV, 183-204.

Pirivatrić, S. 1997. *Samuilova država. Obim i karakter*. Beograd: Vizantološki institut SANU.

Podskalsky, G. 2000. *Theologische Literatur des Mittelalters in Bulgarien und Serbien 865-1459*, München: Beck.

Pospischil, V. 1966. *Der Patriarch in der Serbisch-orthodoxen Kirche*. Wien: Herder.

Prinzing, G. 2009. Bishop or Abbot? The Conflict about the Spiritual Obedience of the Vlach Peasants in the Region of Bothrotos ca. 1220: Case nr. 80 of the Legal Works of Demetrios Chomatenos Reconsidered. In: D. Angelov, ed. *Church and Society in Late Byzantium*. Kalamazoo: Medieval Institute Publications, 25-42.

Prinzing, G. 2002. *Demetrii Chomateni Ponemata Diaphora*. Berlini et Novi Eboraci: De Gruyter.

Prinzing, G. 1978. Entstehung und Rezeption der Justiniana-Prima-Theorie im Mittelalter. *Byzantinobulgarica*, V, 269-287.

Prinzing, G. 1990. *Kaiser Manuel II*. Palaiologos und die kirchliche Jurisdiktion in Bulgarien. *Études balkaniques*, XXVI, 3, 115-119.

Prinzing, G. 2011. Die autokephale byzantinische Kirchenprovinz Bulgarien/Ohrid. Wie

unabhängig waren ihre Erzbischöfe. In: I. Iliev, A. Nikolov, E. Kostova, V. Angelov, eds. *Proceedings of the 22nd International Congress of Byzantine Studies, Sofia, 22-27 August 2011*, vol. 1: *Plenary Papers*, Sofija: Bulgarian Historical Heritage Foundation, 389-413.

Prokić, B. 1911. Prvi Ohridski arhiepiskop Jovan. *Glas Srpske Kraljevske Akademije*.

LXXXVIII (52), 267-303.

Prokić, B. 1912. Postanak Ohridskog patrijarhata. *Glas Srpske Kraljevske Akademije*.

XC (53), 175-267.

Пузовић, П. 1997. *Раскол у Српској православној цркви – Македонско црквено питање*. Београд: Свети архијерјески синод СПЦ.

Ράλλης, Γ. Ποτλής, Μ. 1855. *Σύνταγμα των θείων και ιερών κανόνων των τε αγίων και πανευφήμων Αποστόλων, και των ιερών και οικουμενικών και τοπικών Συνόδων, και των κατά μέρος αγίων Πατέρων Ε'*. Αθήνησιν: Εκ της Τυπογραφίας Γ. Χαρτοφύλακος.

Снегаров, И. (1995a) [1924]. *История на Охридската архиепископия-патриаршия*, т.1 (Второ фототипно ed.). София: Академично издателство „Проф. Марин Дринов"

Снегаров, И. (1995b) [1932]. *История на Охридската архиепископия-патриаршия*, т.2 (Второ фототипно ed.). София: Академично издателство „Проф. Марин Дринов", VI.

Soulis, G. 1984. *The Serbs and Byzantium during the Reign of Tsar Stephen Dušan (1331-1355) and his Successors*. Washington: Dumbarton Oaks Library and Collection.

Статева, Е. 2007. За култа към св. Кирил (в периода 886–893 г.). In: *КМС*, 17, 702–708.

Слијепчевић, Ђ. 1960. *Македонско црквено питање*. Минхен: Iskra.

Стојановић, Љ. 1982. *Стари српски записи и натписи*, т. 1, Београд: Српска краљевска академија.

Tachiaos A.-Ai. 2006. Το εφήμερο κράτος του Σαμουήλ (976-1018). Τα σχετικά με αυτό προβλήματα.

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 447



In: Idem, *Βυζάντιο, Σλάβοι, Άγιον Όρος. Αναδρομή σε αμοιβαίες σχέσεις και επιδράσεις*. Θεσσαλονίκη: University Studio Press, 367-390.

Ταχιάος, Α.-Αι. 1972. Ο τελευταίος Αρχιεπίσκοπος Αχριδών. *Μακεδονικά*, 12, 19-33.

Tegou-Stergiadou, E. 1998. Die Sigilla von Basileios II. für das Erzbistum von Achrida und ihre Beziehung mit den Bistümern von Berroia und Servia. *Orthodoxes Forum*, XII, 1, 5-20.

Tegou-Stergiadou, E. 2003. *Η Αρχιεπισκοπή Πρώτης Ιουστινιανής (Συμβολή στη διερεύνηση του προβλήματος)*. Θεσσαλονίκη.

Трајановски, А. 1982. *Буга̄рска̄та ег̄зархија и македонско̄то националноослободӣтелно движење (1893–1908)*. Скопје: Култура.

Трајановски, А. 2001. *Црковна̄та ор̄ганизација во Македонија и движење̄то за возобновување на Охридска̄та архие̄ископија од крајо̄т на XVIII и во ѿеко̄т на XIX век – до основање̄то на ВМРО*. Скопје: ИНИ.

Vacalopoulos, A. 1973. *History of Macedonia, 1354-1833*. Thessaloniki: Institute for Balkan Studies.

Василевски, Т. 1971. Генезата на Самоиловото царство. Неколку забелешки во врска со откритието на Оикономидес на новиот Тактикон од X век. Илјада години од востанието на Комитопулите и создавањето на сомоиловата држава. In: М. Апостолски, С. Антољак, Б. Панов, eds. *Зборник на ма̄теријали од научна̄та средба одржана во Пресӣа од 10 до 15 Ок̄томври 1969 г̄одина*, Скопје: ИНИ, 249-252.

Walter, C. 1996. Portraits of Bishops appointed by the Serbian Conquerors on Byzantine

Territory. In: G. Babic, ed. *Βυζάντιο και Σερβία κατά τον ΙΔ΄ αιώνα*. Αθήνα: Ινστιτούτο Βυζαντινών Ερευνών/Εθνικό Ίδρυμα Ερευνών, 291-298.

Xanalatos, D. 1938. Θεοφύλακτος ο Βουλγαρίας και η δράσις αυτού εν Αχρίδι. *Θεολογία*, XVI, 228-240.

Zlatarski, V. N. 1929-1930. Prima Justiniana im Titel des bulgarischen Erzbischofs von Achrida. *Byzantinische Zeitschrift*, XXX, 484-489.

Чельцовъ, М. П. 1899. *Церковь Королевства Сербского со времени приобретения ею автокефальности (1879-1896)*. Санкт-Петербург: Историко-канонический очерк.

Шкаровский, В. М. 2009. Создание Македонской Православной Церкви в период оккупации республики и первые послевоенные годы. *Вес̄тник ПСТГУ II. Ис̄тория*, II:3 32, 116-138.

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 448



**Gjoko GJORGJEVSKI and Viktor NEDESKI**
Orthodox Theological Faculty “Saint Clement of Ohrid” - Skopje
University of Ss. Cyril and Methodius - Skopje

## The Socio-political Processes and the Role of the Archbishopric of Ohrid throughout the Centuries

The purpose of this paper is to present the centuries-old history of the Ohrid Archbishopric, including its abolition and its restoration as the Macedonian Orthodox Church - Ohrid Archbishopric. Therefore, we will review the social and political processes of the times, especially regarding the context of neighboring Orthodox churches.

The Ohrid region harbored the beginnings of the Orthodox Christian church and cultural revival in the 9th and 10th centuries. It was no accident that the city of Ohrid was chosen as the seat of the autocephalous Ohrid Archbishopric under the tutelage of the Patriarchate of Constantinople in 1019, on the foundations set by the Church of Samuel seated in Pela and Ohrid in the previous century. The archbishopric took up the role of spiritual authority in the social, educational, and cultural spheres in the following seven centuries. Its politically motivated abolition in 1767 had a significant impact on the life of the people that lived in this region and opened room for abuse by the newly imposed church jurisdictions, which created and promoted the foreign politics of neighboring churches. Hence, the restoration of the Ohrid Archbishopric as the Macedonian Orthodox Church was and still is of paramount importance.

Christianity has been present in the Macedonian territories since the first centuries AD. The first church communities were organized as bishoprics in the cities of Stobi, Heraclea, Bargala, Skupi, Lychnidos, and others. The Thessaloniki vicariate and the Archbishopric of Justiniana Prima appear as more serious church organizations in these territories in the period before the arrival of the Slavs. The activity of the disciples of Cyril and Methodius in the 9th century on the territory of the ancient Bishopric of Lychnidos became the

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 449



basis for the Church of Samuel and the Archbishopric of Ohrid as its immediate successor, recognized as an autocephalous church by order of the three decrees of the Byzantine Emperor Basil II.

For more than seven centuries, the Archbishopric of Ohrid–which functioned in the Macedonian territories but also in the wider Balkan region all the way down to Sicily–was the highest institution in these territories, which strongly influenced not only the religious life but also the social and political life. During this period, it was headed by a number of prominent archbishops who left a strong mark on the entire Orthodoxy. Among them, Archbishop Jovan of Debar stands out as the first Archbishop of Ohrid and a member of the indigenous monasticism, and no less important are his successors of Byzantine origin, such as Archbishops Leo, Theophylact, Demetrius Homatian, Constantine Kabasilas, and others. These hierarchs, carefully selected for the Ohrid throne, made strong contributions to the life of the Church, emphasizing their architectural, pastoral, and theological skills and qualities.

No less important was the role of the Ohrid Archbishopric and its archbishops in the Ottoman period, when–unlike other Balkan churches that were to be abolished–it continued to exist and act actively until its politically initiated abolition in 1767. During this period, Archbishop Prohor stands out as the spiritual coryphaeus of the archdiocese, and Archbishop Barlaam sealed his devotion to his church as a martyr. The last one, Arsenius II, who–like the first archbishop–was a Slav and a member of the domestic clergy, has been especially remembered in the memory of the archdiocese and will become the main motivation in the attempts to restore the Ohrid Archbishopric.

In the period of the 19th and 20th centuries, when almost all the Balkan peoples managed to become nationally and spiritually independent, the Macedonians began their struggle for freedom. Rejecting the foreign jurisdictions that were imposed one after the other, the Macedonians managed to restore their ancient church as the Macedonian Orthodox Church in 1959, after the Second Clergy and People's Synod in Ohrid (1958), when it first started to exist and act as an autonomous church under the Serbian Orthodox Church for less than a decade, and especially after the Third Clergy and People's Synod in 1967, when, following the popular urge for full ecclesiastical independence, it was declared autocephalous. This unilateral decision of the Macedonian Orthodox Church will deteriorate the relations with the Serbian Orthodox Church and, after numerous negotiations and attempts to overcome this

ogledi manu 2021 korekcii111_OGLEDI MANU 2021 1/1?/2021 8:13 PM Page 450



bilateral problem, as well as the involvement of third parties in it, the ecclesiastical issue of the Macedonian Orthodox Church still awaits its final resolution by the Patriarchate of Constantinople.

The Macedonian Orthodox Church recently sent a request for resolving its autocephalous status to the Patriarchate of Constantinople. On January 13, 2020, the Patriarchate accepted its appellate role and took responsibility for resolving the autocephalous status of the Macedonian Orthodox Church as the legitimate successor to the ancient Ohrid Archbishopric. Instead of trying to create internal divisions as temporary solutions, it is expected to support the unity of the local Macedonian church in order to reach an evangelical, just, and dignified solution. The painful experience of political abuse of the church in the past explains why the entire Macedonian people resolutely oppose any attempts to impose external ecclesiastical jurisdiction, which is understood as a return to the past. The famous autocephalous church from Ohrid is of great importance and is a part of the history of many neighboring and distant nations, but naturally, first and above all, it is a church of the people who lived and still live in Ohrid today.

**KEYWORDS:** Ohrid Archbishopric, Macedonian Orthodox Church, ethnophyletism, autocephaly.